# FOREVER

MACEDONIA

Февруари 2014 | Број 148

**SUCCESS DAY**

**16.03.2014**
**Хотел**
**„Holiday Inn“**
**почеток:**
**12 часот**







# БИЗНИС ПРЕДИЗВИК

## Заработете патување и маркетинг обука!

***Квалификационен период: 1 јануари – 31 март 2014 г.***

**Бидете активни со 4 бода во трите месеци на квалификациониот период, спонзорирајте три нови дистрибутери во прва линија и помогнете им да станат Асистент Супервизори. Работете со новата група од трите дистрибутери и нивните мрежи за да ги реализираат вкупните обеми, опишани во шемата подолу. Во вкупните обеми не се вклучуваат порачките на вашиот личен код.**

Вкупен обем од најмалку 10 бода во рамките на вашата нова група.

★**ВИКЕНД ВО ОХРИД**
ЗА ЕДЕН ИЛИ ДВАЈЦА*




***Уште 5 бода кон вкупниот минимален обем од вашата нова група, и заработеното патување ќе биде за двајца.** Патувањето вклучува **две ноќевања со појадок** во период од 27-29 јуни 2014 во хотел Белви во Охрид и Маркетинг обука со Стефан Стаев- Country Manager на ФЛП Македонија и Бугарија и предавачи од Србија помеѓу кои и Вероника и Стево Ломјански- Дијамант Менаџери. Обуката има регионален карактер и ќе бидат присутни дистрибутери од Македонија, Бугарија, Србија и други земји од регионот. Во квалификацијата може да учествуваат дистрибутери кои се регистрирани не подоцна од јануари 2014 год., бидејќи треба да имаат активност во трите месеци на квалификација. За дата на регистрација се смета датата на која дистрибутерот ќе направи прва порачка и договорот ќе му биде внесен во базата на податоци на централната канцеларија во САД. **Дистрибутерите сами ја следат квалификацијата, со пополнување на приложената шема. Најдоцна до 5-ти април, шемата со квалификацијата треба да биде предадена за проверка и одобрение лично во канцеларијата на ФЛП Македонија или испратена скенирана по електронска пошта.** За повеќе информации и прашања се обраќате на својот спонзор или во канцеларијата на ФЛП Македонија. Наградите не можат да се добијат во форма на пари и не можат да бидат пренесени на друго лице. Конечната одлука дали сите барања коректно се исполнети се носи од ФЛП Бугарија/Македонија.

# СЕКОЈ МИГ Е ВАЖЕН

Smile

Нашето Форевер семејство живее во целиот свет. Секој пат, кога посетувам друга земја, благословен сум што можам да го уживам секој миг од патувањето и потполно да го доживеам. Исто како што нашите дистрибутери оптимално го користат времето со помош на ефективно планирање и лидерство, така и јас сум инспириран да ја направам исплатлива секоја минута од моите посети.Едно од нештата, кои сум ги забележал кај нашите водечки дистрибутери, е дека тие не го сфаќаат времето како подарок. Тие со страст го живеат животот во потполност, и времето го сметаат за свој најважен ресурс. Ја гледам енергијата и ентузијазмот на семејството на Форевер на секој наш настан, и тоа постојано ме инспирира.

Да го искористите времето на најдобриот можен начин несомнено е клуч за постигнување на вашите цели, независно дали тоа е да го обиколите светот или да најдете сѐ повеќе нови дистрибутери. Квалитетно ли управувате со вашето време? Дали знаете дека само неколку дополнителни и правилно вложени минути, се во состојба да ги променат нештата од корен? Внимателно планирајте како покорисно да го употребите тоа дополнително време и реализирајте ја замислата до крај! Неколку минути може и да не ви изгледаат како значително количество време, но кога сте подготвени ефективно да ги искористите, јавувајќи се на човек од списокот со имиња или ако се поврзете со соработник од вашиот тим, тие се собираат и со нив растат и вашите успеси!

Ако го посветиме секој момент од денот на тоа да се приближиме кон своите цели и да уживаме во животот, навистина можеме да ги сфатиме и оцениме можностите со кои располагаме. Емили Дикинсон нѐ потсетува дека *„Вечноста се состои од сегашни моменти.“* Тоа се однесува како за нашиот живот, така и за бизнисот со Форевер. Некои од моите најубави искуства беа на пат кон аеродром – време кое обично го сметаме за залудно потрошено. Незаборавните моменти може да се случат во секое време и насекаде. Успехот доаѓа кај оние кои ја зграбуваат секоја можност. Секој ден има потенцијал да биде совршен, затоа не заборавајте да се НАСМЕЕТЕ и вреднувајте ја секоја минута!

Засекогаш Ваш,
**Rex Maughan**



Рекс Моган

**Претседател и главен генерален директор на ФЛП**

# ЗАРАЗЕН ЕНТУЗИЈАЗАМ



Стефан и Тања Стаеви

Драги пријатели,

Испративме една неверојатна 2013 година за дистрибутерите на Форевер во Македонија и Бугарија. Година која за повеќето од вас помина во знакот на успехот, за што сакаме да ви честитаме и да ви посакаме уште подобар развој. За секого успехот има различно значење, но заедничко за успешните луѓе е нивната визија. Напредуваат оние кои знаат каков сакаат да им биде животот по една, две или пет години. Но не само тоа. Тие знаат и што треба да направат, за да може нивната визија да стане реалност. Спремни се да направат сѐ што е потребно, за да ја добијат битката со животните предизвици и да живеат така, како што тие сакаат, а не така, како што диктираат околностите или некој друг.

Избирајќи го маркетинг планот на Форевер за свој основен инструмент за исполнување на своите мечти, вие сте го направиле правилниот избор во најпогодниот момент. Производите на Форевер, системот на нивното распространување и можностите за градење на самостоен бизнис без ограничување на потенцијалните доходи се само врвот на ледениот брег на оваа прекрасна бизнис можност. Системот е еднакво достапен за секој, независно од пол, возраст, образование или способности, не се потребни инвестиции или претходни познавања од областа на мрежниот маркетинг, секој сам одредува кога и што сака да постигне, нема ризик и можностите се глобални, бидејќи Форевер работи во повеќе од 155 држави во целиот свет. Сите тие факти можат само да ги дополнат вашиот ентузијазам и гордост што сте дел од оваа фантастична компанија која го промени животот на милиони. А бидејќи го споменавме ентузијазмот, сега е најпогодниот момент и да спомнеме дека тој е основната движечка сила во овој бизнис. Ако треба да бидеме поконкретни, оваа сила се нарекува ЗАРАЗЕН ЕНТУЗИЈАЗАМ и се состои во секојдневна употреба на колку е можно повеќе производи на Форевер и споделување на искуствата од нив со секој со кого се среќавате. Тоа е и првиот чекор кон распространување на „заразата“. Вториот е да ја осознаете силата и предностите на неверојатната мрежна индустрија за градење на сопствен, постојано растечки бизнис и да работите здраво, за да помагате на колку е можно повеќе луѓе да си ги исполнат мечтите. Така и вие ќе го постигнете тоа што го сакате.

Среќавајте се секојдневно со нови луѓе, зборувајте со нив, бидете ентузијазирани и никогаш не се откажувајте. Потенцијалот на нашиот бизнис е неограничен и само трпеливите ќе можат да му се насладуваат во времето што доаѓа. Форевер ви дава сѐ што ви е потребно. Оттука па натаму единствено вие самите одредувате дали годината ќе ви биде успешна. Ако веќе сте заразени од ентузијазмот и горливата желба да го промените својот живот, ние ви гарантираме дека таа ќе биде таква!

Засекогаш Ваши и... насмеани ☺,
**Стефан и Тања Стаеви**




# Aloe Fleur De Jouvence

## Програма за регенерирање на вашата убавина со алое

Луѓето со векови го користеле чистото и пресно алое вера, за да ѝ дадат на кожата здрав, млад и убав изглед. Сега Форевер Ливинг Продуктс ја искористи полната сила на живото растение во еден од најдобрите комплети за кожа.

Aloe Fleur De Jouvence (Цветот на младоста) е една од најефикасните колекции за обновување на убавината. Ако сте поверувале во тврдењата на други козметички производи и потоа сте биле разочарани, пробајте Aloe Fleur De Jouvence, за да ја почувствувате чистата природна и сензационална разлика.

Комплетот Aloe Fleur De Jouvence содржи шест прекрасни компоненти, секоја создадена со определена цел за целосна нега на кожата на лицето. За да ги собереме на едно место традиционалната мудрост со научните познавања во областа на современата дерматологија, во Форевер Ливинг Продуктс не се поштедивме од вложување напор за да создадеме исклучителни производи. Секој од нив го носи печатот за одобрување на Научниот совет за Алое (со исклучок на маската за лице во прав). Секоја компонента може да се купи одделно, но во целосното благотворно влијание може да уживате единствено кога ќе ги вклучите сите елементи.

Формулата на секој производ во комплетот Aloe Fleur De Jouvence е разработена со голема грижа и внимание кон секојдневните потреби на вашата кожа. Започнуваме со внимателно стабилизираниот чист гел од алое вера и потоа го комбинираме со уникатните природни клеточни материи- хидролизиран еластин и колаген, заедно со исклучителните навлажнувачи, емулгатори и омекнувачи. Тоа поврзување создава уникатно богатство за кожата и го неутрализира штетното дејство на времето, атмосферските влијанија и околната средина. Превентивната и регенеративна програма Aloe Fleur De Jouvence обезбедува секојдневна нега на кожата, со што ги стимулира природните атрибути на младоста-виталност, свежина и сјај на кожата.

Алоето секогаш имало благотворно влијание врз кожата. Сега може да се разгалите уште повеќе со комплетот Aloe Fleur De Jouvence!

- Исчистете го лицето два пати дневно со **Exfoliating Cleanser** (Лосион за чистење).
- Тонизирајте и освежете го два пати на ден со **Rehydrating Toner** (Хидратантен тоник за лице).
- Додадете прекрасен изглед на вашето лице 2-3 пати



седмично со помош на **Facial Contour Mask Powder** (Маска за лице) и **Aloe Activator** (Активен лосион за лице).

- Секоја вечер нанесете **Recovering Night Creme** (Регенеративен ноќен крем за лице).
- Секојдневно нанесувајте **Firming Foundation Lotion** (Лосион за затегнување на лице) – Дневен крем.

*Забелешка: Иако производите од комплетот Aloe Fleur De Jouvence содржат највисоко квалитетни хипо-алергични состојки, разумно би било, како кај сите нови производи, на почеток да се нанесе врз мал дел на место каде што кожата е почувствителна (на пример внатрешната страна на раката над лактот).*




## ТРЕТМАН НА ЛИЦЕТО СО ALOE FLEUR DE JOUVENCE

Комплетот Aloe Fleur De Jouvence ви ги нуди сите елементи од нашата регенеративна програма заедно со инструкции наведени во упатство. Ви нудиме резиме на целосниот циклус со користење на сите шест елементи. Дополнителни инструкции можат да се добијат за време на презентациите кои ги организира компанијата.

### Чекор 1

Исчистете го лицето и вратот со Лосионот за чистење. Нанесете го со лесни движења нагоре и надолу.

### Чекор 2

Отстранете го со мека и влажна крпа или памучен тампон и исплакнете обилно со вода.

### Чекор 3

Измешајте една мала лажичка од Маската за лице со приближно една мала лажичка Активатор, капка по капка додека смесата не ја добие густината на редок лосион.

### Чекор 4

Со козметичката четка нежно нанесете насекаде тенок рамномерен слој врз лицето (избегнувајќи го пределот околу очите) со движења кон горе и кон надвор. Започнете од основата на вратот и постепено распоредете го лосионот врз лицето и вратот вклучувајќи го пределот зад ушите. Ставете влажни тампони на очите, опуштете се во легната положба и избегнувајте движења на лицето во времетраење од околу 30 минути.




### Чекор 5

Отстранете ја маската најпрво омекнувајќи ја со затоплена и влажна крпа.

Потоа внимателно исплакнете го лицето и вратот со топла вода.

### Чекор 6

Нанесете Хидратантен тоник за лице со памучен тампон и избришете го со движења кон горе и кон надвор додека тампонот не остане чист. На тој начин ќе ги затегнете порите, ќе ги намалите линиите и брчките по лицето и ќе го подготвите за навлажнување.






### Чекор 7

(Во текот на денот) Нанесете Лосион за затегнување на лице на врвот на прстите и внимателно опфатете ја целата површина на лицето и вратот. Причекајте целосно да се впие. Така се образува заштитна основа врз која можете да нанесете шминка.

### Чекор 8

(Навечер) Нанесете Регенеративен ноќен крем за лице на врвот на прстите и внимателно покријте ја целата површина на лицето и вратот. Тоа ѝ дозволува на кожата да започне регенерирачки процес додека спиете.




# Forever Absorbent-C

Дневното внесување на витамин Ц одамна се поврзува со добрата состојба на здравјето. Во денешно време науката нè снабдила со огромна листа од благодети кои што ни ги овозможува овој најпопуларен витамин.

- Тој е моќен антиоксидант, кој делумно го формира заштитниот систем на организмот против штетното влијание на слободните радикали.
- Продолжуваат испитувањата за улогата на витаминот Ц при спречување на срцеви заболувања и карцином.
- Витаминот Ц е корисен додаток за кожата, бидејќи тој го стимулира создавањето на меѓуклеточен колаген.
- Витаминот Ц е неопходен за одржување на здраво сврзно ткиво.

Тој се раствора во вода и се отстранува од организмот. Бидејќи луѓето се вбројуваат меѓу малкуте живи организми кои не можат самите да произведуваат витамин Ц, тие мораат да го внесуваат со храната, пијалоците и другите додатоци.

Неопходноста од доволни количини на витамин Ц е очигледна. Научниците сметаат дека една цигара уништува 25 мг од количеството витамин Ц во организмот. Стресот, лекарствата и различните фактори од околната средина сериозно ги намалуваат расположливите количества на овој витамин во организмот. Недостатокот од овој витамин предизвикува крварење, особено на малите поткожни крвни садови (капилари) и на непцата, а исто така раните побавно зараснуваат.

**Absorbent-C** со овесни трици е исклучителен додаток во исхраната. Ова е комбинација на две хранливи состојки кои се од витално значење во еден погоден производ за конзумирање. Сврзаноста во матричен состав, разработен по уникатен патентиран процес, му дозволува на организмот целосно да ги апсорбира 60 мг витамин Ц кои се наоѓаат во секоја таблета.

## СОСТАВ

Овесни трици, сорбитол, пчелен мед, аскорбинска киселина (витамин Ц), стеаринска киселина, природна арома на портокал, цитрусови биофлавоноиди, плод од папаја и силициум диоксид.

## ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

По една таблета три пати на ден.








# СНИМИ ЈА САМ СВОЈАТА НАСМЕВКА

Сакате ли да се насмевнеме заедно? Учествувајте во кампањата “Сними ја сам својата насмевка”. Споделете ја со нас својата прекрасна насмевка на Фејсбук страната на централната канцеларија на Форевер (www.facebook.com/ForeverFan) или на Твитер #smile4rally и може да блеснете на екраните на Глобал релито во Лондон! Побарајте добра светлина, изненадете нѐ со интересни аксесоари и сами запечатете ја својата најволшебна насмевка! Ве очекуваме пред 28 февруари!

## Алое ден во Куманово 28.01.2014
















# СООПШТЕНИЕ

**Ве известуваме дека канцеларијата на ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС во Скопје има работно време од понеделник до петок од 9:00 -19:00 часот. Последната сабота во месецот веќе нема да биде работна.**

# SUCCESS DAY

## 16.03.2014 - недела, Скопје

**Хотел „Holiday Inn“, почеток: 12 часот**

***Ве очекуваме!***




**НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

**Квалификации за јануари 2014**

**ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ**

1. Вера Златковска
2. Др.Роза Гелевска
3. Николина Ѓорѓиева
4. Славица Донакова
5. Катерина Трајчевска
6. Стевица Димовска
7. Валентина Крмова
8. Слаѓана Маџова
9. Др.Снежана Контра
10. Слафко Михајловски

**ТОП 10 - Вкупен обем**

1. Слафко Михајловски
2. Славица Донакова
3. Блага Крстеска
4. Вера Златковска
5. Др.Роза Гелевска
6. Катерина Трајчевска
7. Др. Снежана Контра
8. Николина Ѓорѓиева
9. Слаѓана Маџова
10. Валентина Крмова

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## Квалификации за јануари 2014

**Супервизори**

Кожухаров Горан – Штип

**Асистент Супервизор**

1. Ацова Валентина Кочани
2. Антониевски Васка и Благој – Штип
3. Биговиќ Златица – Косовска Митровица
4. Деспотовски Љиљана и Питомир – Скопје
5. Димови Даниела и Павле – Пробиштип
6. Димовска Руменка – Ресен
7. Ефтимов Александар- Штип
8. Ефтимови Кате и Игор –Скопје
9. Иванови Билјана и Миле – Штип
10. Коцева Ангела – Кочани
11. Краљевски Виолета и Миомир – Куманово
12. Крстевски Лидија и Горан – Куманово
13. Малинова Анета – Струмица
14. Милановски Перо и Билјана – Скопје
15. Мишевски Бобан и Ирена – Скопје
16. Младеновска Даниела – Скопје
17. Наумови Сузана и Сашо – Штип
18. Николиќ Зоран и Горица – Лесковац
19. Рутеви Софија и Никола – Струмица
20. Станчева Љубица – Богданци
21. Станисављевска Лорета – Струмица
22. Станковска Саздевска Катерина – Куманово
23. Станковски Даниела и Бобан – Куманово
24. Стоимановски Драган и Билјана – Скопје
25. Стојановска Розета- Штип
26. Стојиљковиќ Горан и Виолета – Лесковац
27. Теновски Живко и Благуња – Скопје
28. Христов Александар – Делчево
29. Христови Маре и Киро – Делчево
30. Црвенковска Снежана - Скопје

